Објавено од Слободан Пачовски
Петок, 22 Октомври 2021 10:57 - Последно освежено Петок, 22 Октомври 2021 11:15



Учениците од III-а и III- г одделение од ООУ „Стив Наумов“ - Битола со наставниците Даниел Митревски и Весна Котевска на 21.10.2021 година ја посетија НУУБ„Св.Климент Охридски“-Битола, во рамки од кампањата „Да читаме на глас“.
Библиотекарката Ирена Колевска на учениците им прочита една многу интересна приказна, извадок од книгата „Итар Пејо“ од Стале Попов.
Македонската литература претставува безвременска ризница која има автори со кои растат генерации и генерации на ученици. Овие ученици уживаа во итроштините на Итар Пејо, а потоа сите заедно цртавме и се забавувавме.

Повеќе фотографии од овој настан, на следниот линк: НУУБ Facebook